СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-2951/2
19.04.2024 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на Единаесетата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 19.04.2024 година.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам Единаесеттата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

На седницата присуствуваат 13 советници. Тројца советници ќе се вклучат и истата ќе ја следат преку зум апликацијата.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува за истата точка.

Согласно член 40 став 3 од Законот за Локална самоуправа пред започнување на седницата задолжително се гласа за оправданоста на причините за свикување на самата вонредна седница.

Причина за свикување на оваа вонредна седница по единствена точка на предложениот Дневен ред е Одлука за давање на согласност за склучување на договор за послуга на недвижен имот . Приоритетноста произлегува од потребата за исполнување на критериумите на ФФМ, односно обезбедување на УЕФА Лиценца на ГФК Тиквеш 1930 АД Кавадарци за да може истиот да се натпреварува во Евро Куповите, одигурувањето на Куп Финалето во Р. Македонија согласно доставеното барање 10-2958 од 19.04.2024 од ГФК Тиквеш 1930 АД Кавадарци. Врз основа на образложението за свикувањето на оваа Вонредна Седница ве повикувам да гласаме за оправданоста на причината за свикување на оваа 11-та Вонредна Седница за ред. Ве молам за гласање. Кој е за. Едногласно.

Со Решение за свикување на денешната седница имате добиено и Предлог Дневен ред за работата на седницата закажана за денес и тоа е:

1. Предлог Одлука за давање согласност за склучување на Договор за послуга.

Согласно член 40 став 3 од Законот за Локална Самоуправа на вонредната седница не може да се менува дневниот ред, затоа предлагам да преминеме за гласање за вака предложениот дневен ред.

Ве молам кој е за. Едногласно усвоено.

Преминуваме кон единствената точка од денешниот дневен ред. Тоа е:

1. Предлог Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за послуга на недвижен имот.

Значи тоа е Договор за послуга за недвижен имот, кој е склучен меѓу Општина Кавадарци и АД ГФК Тиквеш 1930, односно Стадионот во Градскиот Парк се дава на користење на ГФК Тиквеш, на период од 10 години од моментот на склучување на самиот договор. Значи Општината му го дава на користење на ГРФ Тиквеш кој е општински клуб, клуб на нашата Општина. Периодот на трајност на самиот договор е 10 години од моментот на склучување на истиот и од денот на потпишувањето на овој договор недвижниот имот е предаден на примателот при што примателот е должен да го врати во истата состојба како што единствен сопственик е нашата Општина.

Почитувани колеги советници ве молам претрес. Нема. Со тоа преминуваме кон гласање на оваа точка. Имотот е на Општината. Значи ние зборуваме за ГФК како сега е на Општината, а во тој случај би било приватна сопственост. Стадионот си останува на Општина Кавадарци, ние го даваме како послуга, да се служе на 10 години. Значи една од причините е тоа што УЕФА ни налага како Федерација да можеме утре да учествуваме и да се натпреваруваме внатре, меѓународно. Баш така. Инаку во тија случај ќе не може, здравје Боже ако испадниме во Европа и тие премии што се исплаќаат од Европа да можеме да ги примиме како Куп, оти они на клубот ќе му ги дадат премиите здравје Боже ако влезиме во Евро Куповите. Дај првен да ја завршиме работата, па после да зборуваме Во ред.

Почитувани колеги прашање нема. Во тој случај пристапуваме кон гласање на оваа точка. Кој е за. Едногласно усвоена.

Со тоа е исцрпен денешниот Дневен ред од 11-тата Вонредна Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ви благодарам и уште еднаш се извинувам затоа што денеска ве свикавме вака во 5 за 12. Благодарам. Секое добро.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов